Врз основа на член 14 став 1 точка ж) и член 190 став (4) од Законот за хартии од вредност ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15,154/15, 192/15, 23/16 и 83/18), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 22.08.2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност (за јавна расправа)

### Член 1

Во Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност (Службен весник на РСМ бр. 28/2008, бр. 171/2013, бр.64/2015, бр.182/2016 и бр.40/2019) (во понатамошниот текст: Правилник) во член 3 став (1) се додава нова точка 12а. која гласи:

„(12а) Податоци за постапката за донесувањето на актот за издавање на хартиите од вредност согласно Образец И-ЗТД од Прилог 1 на овој Правилник."

### Член 2

Во Правилникот во член 3 се додава нов став (7) кој гласи:

„(7) Барањето за одобрение и документите од став (1), став (2) и став (3) од овој член, издавачот на хартиите од вреднот ги доставува до Комисијата за хартии од вредност и во електронска форма на CD/DVD медиум во PDF формат, освен доколку се доставуваат во електронска форма согласно став (6) од овој член."

Во член 3 ставот (7) станува став (8).

### Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност.

### Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во "Службен весник на Република Северна Македонија".

**Број 01-** 895 / 1
**Скопје, 22.08.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**

Прилог 1

Образец И-ЗТД

Јас, ______________________ на издавачот - _____________________________,
(име и презиме, функцијата што ја врши кај издавачот) ( назив, седиште и МБ на издавачот)

под целосна морална, материјална и кривична одговорност изјавувам дека:

- Собранието на акционери на Друштвото ___________________________
( назив и седиште на издавачот)

на кое е донесен актот за издавање на хартиите од вредност е свикано и одржано согласно Законот за трговските друштва;

- Јавниот повик за Собранието на акционери на Друштвото ___________________________________ е објавен на ден _______________ на
( назив и седиште на издавачот)

_____________________________________________.
(медиум и интернет страница каде е објавен јавниот повик за Собранието)

- Донесувањето одлука за издавање на хартии од вредност беше уредно ставена точка на дневниот ред на Собранието на акционери на Друштвото ____________________________________ објавен со Јавниот повик на ден
( назив и седиште на издавачот)

_______________ на _____________________________________________.
(медиум и интернет страница каде е објавен јавниот повик за Собранието)

- Собранието на акционери на Друштвото ___________________________
(назив и седиште на издавачот)

е одржано на ден _______________.

- Собранието на акционери на Друштвото ___________________________
(назив и седиште на издавачот)

работеше со потребниот кворум согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, односно на седницата присуствуваа верификувани учесници на собранието кои поседуваат _____________________________,
(% од вкупниот број од акциите со право на глас)

од вкупниот број од акциите со право на глас на Друштвото.

- Записникот од Собранието на акционери на кое е донесен актот за издавање на хартиите од вредност ______________________________ го водеше
(број и датум на Одлуката на издавачот)

нотар ______________________________
(име и презиме на нотарот)

- Актот за издавање на хартиите од вредност ______________________
(број и датум на Одлуката на издавачот)

е донесен со потребното мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието ______________________, што е
(% од акциите со право на глас претставени на Собранието)

согласно Законот за трговските друштва и Стаутот на Друштвото ______________________.
(назив и седиште на издавачот)

- Собранието на акционери на Друштвото ______________________
(назив и седиште на издавачот)

го донесе актот за издавање на хартиите од вредност ______________________ на начин и во облик согласно Законот за
(број и датум на Одлуката на издавачот)

трговските друштва и Статутот на друштвото, актот за издавање на хартиите од вредност е внесен во Записникот од Собранието на акционери на Друштвото на начин определен со Законот за трговските друштва.

- За актот за издавање на хартиите од вредност[1] ______________________
(број и датум на Одлуката на издавачот)

сопствениците на другите родови акции издадени од Друштвото имаат дадено согласност со Одлука број ______________________
(број и датум на Одлуката од сопствениците од другите родови акции)

______________________
(печат и потпис на одговорното лице на издавачот
односно квалификуван дигитален сертификат)

[1] Овој дел од Изјавата се дава во случај на издавање акции (при зголемување на основната главнина на Друштвото) и доколку друштвото има издадено повеќе родови акции